**20151504263**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## УКАЗ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРЕВЕНЦИЈА, СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД СЕМЕЈНО НАСИЛСТВО

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за превенција, спречување и заштита од семејно насилство,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 26 август 2015 година.

Бр. 08-3919/1<br>26 август 2015 година<br>Скопје

Претседател<br>на Република Македонија,<br>д-р **Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател<br>на Собранието на Република<br>Македонија,<br>**Трајко Вељаноски,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРЕВЕНЦИЈА, СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД СЕМЕЈНО НАСИЛСТВО

Член 1

Во Законот за превенција, спречување и заштита од семејно насилство (“Службен весник на Република Македонија” број 138/14 и 33/15), членот 62 се менува и гласи:

„Глоба во износ од 2.500 до 5.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на сторителот на семејното насилство, кој нема да ја почитува или ќе ја прекрши изречената привремена мерка за заштита-отстранување на сторителот од домот и забрана за приближување до домот од членот 34 од овој закон и изречената привремена мерка/ки за заштита од член 35 од овој закон.

Глоба во износ од 5.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на правното лице што нема да постапи согласно членовите 13, 19 став 1, 21, 28 став 3 и 31 од овој закон.

Глоба во износ од 30% од одмерената глоба за правното лице од став 2 на овој член ќе му се изрече за прекршок на раководното лице во центарот за социјална работа кое нема да постапи согласно рокот предвиден во член 19 став 1 од овој закон.

Глоба во износ од 30% од одмерената глоба за правното лице од став 2 на овој член ќе му се изрече за прекршок на раководното лице во институција кое нема да постапи согласно рокот предвиден во членовите 21, 28 ставови 2 и 3 и 31 од овој закон.

Глоба во износ од 500 до 600 евра евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на службеното лице кое нема да постапи согласно рокот предвиден во членовите 19 став 1, 21, 28 ставови 2 и 3 и 31 од овој закон.

Глоба во износ од 500 до 600 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршок на граѓанин кој нема да постапи согласно член 12 од овој закон.

Глоба во износ од 1.500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на здружение за непочитување на рокот предвиден во член 32 став 2 од овој закон.

Глоба во износ од 30% од одмерената глоба за здружението од став 7 на овој член ќе му се изрече за прекршок на одговорното лице во здружението за непочитување на рокот утврден во член 32 став 2 од овој закон.

Член 2

По членот 62 се додава нов член 62- а кој гласи:

„Член 62-а

Одмерувањето на висината на глобата за правните лица се врши согласно Законот за прекршоците.“

Член 3

Членот 64 се менува и гласи:

„За прекршоците утврдени во членот 62 од овој закон, инспекторот односно овластеното лице за вршење инспекциски надзор должен е на сторителот на прекршокот да му издаде прекршочен платен налог, согласно Законот за прекршоците.

Доколку сторителот го прими прекршочниот платен налог, истиот треба да го потпише. Примањето на прекршочниот платен налог од сторителот на прекршокот се забележува во записник.

Во записникот од став 2 на овој член се утврдува начинот на кој ќе се отстранат штетните последици од прекршокот, како и начинот на надминување на последиците од сторениот прекршок.

Кога како сторител на прекршок се јавува правно лице, записникот и прекршочниот платен налог ги потпишува одговорното лице во правното лице или од него овластено лице.

Инспекторот односно овластеното лице за вршење инспекциски надзор, е должен да води евиденција за издадените прекршочни платни налози и за исходот од покренатите постапки.

Во евиденцијата од ставот 5 на овој член се собираат, обработуваат и чуваат следните податоци: име и презиме, односно назив на сторителот на прекршокот, живеалиште, односно престојувалиште, седиште, вид на прекршокот, број на прекршочниот платен налог кој му се издава и исходот на постапката.

Личните податоци од ставот 6 на овој член се чуваат пет години од денот на внесување во евиденцијата.

Министерот за труд и социјална политика ги пропишува формата и содржината на прекршочниот платен налог.“

Член 4

Подзаконскиот акт чие донесување е утврдено со овој закон ќе се донесе во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 5

Се овластува Законодавно - правната комисија на Собранието на Република Македонија да утврди пречистен текст на Законот за превенција, спречување и заштита од семејно насилство.

Член 6

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.